Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 11.12.2020

На 10.12.2020 во 13.00 часот на ул.„Христо Татарчев", од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Д.Д.(21) од Скопје, бидејќи при преглед кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.12.2020 околу 23.00 часот, во Блок 82 во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле косовскиот државјанин К.Х.(33), кој илегално влегол во Република Северна Македонија и непријавено престојувал на подрачјето. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово за натамошна постапка.

На 10.12.2020 на бул.„Гоце Делчев", полициски службеници од СВР Скопје, постапувајќи по претходна пријава, лишиле од слобода тројца малолетници, бидејќи во близина на бензинска пумпа на ул.„Кеј Димитар Влахов" одзеле чанта од едно женско лице. Лицата се предадени на полициски службеници во Полициска станица Центар за понатамошна постапка.

На 10.12.2020 околу 11.15 часот во Кавадарци на крстосницата од улиците „7 Септември", „Илинденска", „Мито Хаџивасилев" и „Тиквешко Востание", товарно возило „пежо партнер", со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од Д.З.(26) од с.Ваташа, кавадаречко, удрило во пешакот И.Т.(72) од Кавадарци. По незгодата, И.Т. била префрлена во Ургентен центар Кавадарци, каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на незгодата.

На 10.12.2020 во 16.00 часот во Полициска станица Чаир И.М.(35) пријавила дека на ул.„Радишанска" била касната од куче скитник.

На 10.12.2020 во 07.15 часот во Куманово на крстосницата од улиците „Доне Божинов", „Тодор Велков" и „Ленинова", патничко возило „поло", со кумановски регистарски ознаки, управувано од З.Д.(53) од Куманово, удрило во пешакот С.М.(24) од Куманово. По незгодата, С.М. била пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на незгодата.

СВР Тетово - Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово на 10.12.2020 реализираше активности при што беа откриени и санкционирани 9 непрописно паркирани возила во Тетово и 6 во Гостивар. Покрај ова, биле санкционирани и 7 лица кои управувале без возачка дозвола, 1 возач под дејство на алкохол, 2 нерегистрирани возила и други видови прекршоци.

СВР Скопје поднесе две кривични пријави против Б.Д.(27) и В.П.(56), двајцата од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторени две кривични дела „давање на лажен исказ". Пријавените, со намера да ја прикријат вистинската причина за вадење на нови возачки дозволи поднеле барање до Сектор за управно надзорни работи – Одделение за управни работи при МВР за издавање на дупликат возачки дозволи, а во прилог на барањето приложиле писмени изјави во кои навеле лажен исказ дека возачките дозволи им биле изгубени, иако биле свесни дека поради сообраќајни прекршоци, дозволите им биле одземени, и тоа на Б.Д. во Р.Грција, а на В.П. во Р.Полска.

Одделението за внатрешни работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.Б.(19), С.М.(24) и А.Б.(31), сите од Гостивар, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 13.07.2019 во Гостивар, на ул,,Раде Угриноски", во близина на Средно медицинско училиште, од полициски службеници биле затекнати А.Б., С.М. и А.Б. и при извршен преглед кај А.Б. бил пронајден и одземен кокаин. Лицата биле лишени од слобода и приведени во Одделението за внатрешни работи Гостивар, каде при извршен разговор А.Б. кажал дека дрогата ја добил од С.М., а С.М. појаснил дека ја купил од А.Б..

На 10.12.2020 во 18.10 часот во СВР Охрид И.Р.(26) од Охрид пријавила дека во хотел во Охрид, каде што била вработена, била физички нападната од Г.Д. од Охрид. По преземени мерки составен е записник за констатиран прекршок по член 11 став 3 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

На 10.12.2020 во 20.53 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 20.45 часот, при смотра на затворениците, А.С.(30) од Кичево, вработен во Казнено-поправна установа „Идризово", бил физички нападнат од затворениот Х.Б.(28) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.12.2020 во 22.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „8 Септември" бил донесен повреден М.К.(55) од Скопје, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Полициски службеници од СВР Скопје преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.12.2020 во 14.00 часот во Полициска станица Кисела Вода, В.К.(28) од с.Самоков-Македонски Брод, вработен како рибочувар во ЈПУ ЗПП „Јасен", пријавил дека на место викано „Рудине", при вршење служба, пронашол ранец со ловна пушка марка „ИЖ" кал.12мм. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.12.2020 во Полициско одделение Петровец, вработен во Градска општа болница „Св. Наум Охридски" пријавил дека со повреди е донесена А.Г.(34) од Скопје. Од извршениот разговор со повредената е констатирано дека таа се повредила околу 13.00 часот, додека извршувала работни задачи во фабрика во Скопје.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против А.К.(43) од Делчево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 11.09.2020 во Делчево, на ул.„Булевар Македонија", во домот на пријавениот, при извршен претрес од полициски службеници, била пронајдена и одземена ловечка пушка марка „Orozarka" калибар 16мм модел „Mattser", за кој пријавениот не поседувал дозвола.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.П. (22) и Г.П. (44), двајцата од Кочани, поради постоење основано сомнение за сторени две кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 25/26.10.2020 на ул.„Стамен Манов" пријавените, за време на прогласена пандемија со ковид–19, најпрво на терасата во својот дом, а потоа и на јавен простор пред куќата организирале прослава, каде биле присутни поголем број лица.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.П. (56) од с.Спанчево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 26.11.2020 во с.Спанчево, пријавениот физички нападнат малолетник.

На 10.12.2020 во 23.30 час во Полициска станица Гази Баба, А.Ѓ.(19) од Скопје, пријавила дека во 21.00 часот во нас.Маџари едно лице со употреба на сила ѝ одзело чанта, во која имало пари и лични документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Ј.А. (22) од с.Старо Балдовци, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 11.10.2020 на крстосница од патиштата с.Турново-с.Иловица-с.Штука, додека полициски службеници вршеле службени задачи, дале наредба да застане на патничко возило „опел вектра", кое се движело со голема брзина од с.Иловица кон крстосницата, но возачот на возилото ја зголемил брзината и поминал без да сопре, загрозувајќи ја сигурноста на полициското службеник. По преземени мерки, пријавениот и возилото биле пронајдени во с.Старо Балдовци.

На 10.12.2020 во 16.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во обложувалница на ул.„Февруарски поход" две лица со закана одзеле пари од вработените. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет